ФЗОМ
Фонд за здравствено осигурување на Македонија
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб. 1000 Скопје
Тел: 02 3289 012
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Бр. 02-7601/1
Датум: 26.04.2012 година

До:
ЈЗУ ______________________

Почитувани,

Ве известуваме дека на седницата одржана на 05.03.2012 година, Управниот одбор на ФЗОМ ја донесе Одлуката за измена и дополна на одлуката за одредување на висината на учеството на осигуреното лице во вкупните трошоци на здравствени услуги и Одлука за измена и дополна на одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко консултативна здравствена заштита.

Овие две Одлуки по објава во Службен весник на РМ, стапуваат на сила од **1 мај 2012 година** па оттука ФЗОМ Ве известува со цел истите навремено да се применуваат во сите здравствени установи.

При тоа измените се однесуваат на :

1. Одлуката за измена и дополна на одлуката за одредување на висината на учеството на осигуреното лице во вкупните трошоци на здравствени услуги се однесува на промена во *член 4 став 1 точка 4* во кој се прецизира дека учество на осигурените лица во вредноста на здравствената услуга (партиципација) ќе изнесува **20% од утврдената референтна цена САМО кај лабораториските услуги - биохемиски анализи од БА1 до БА10 и БА13.**

   **За сите останати лабораториски услуги, вклучувајќи ги останатите биохемиски анализи и микробиолошки анализи, партиципацијата ќе се пресметува по скала.**

   Во случај кога за едно лице се вршат комбинирани анализи кај кои има различен пристап за пресметување на висината на партиципацијата (дел од услугите одат по скала а дел со 20% учество) во тој случај партиципацијата за **вкупната вредност на услугите се пресметува по скала.**

2. Со одлуката за измена и дополна на одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко консултативна здравствена заштита **направено е повлекување од примена на дел од здравствените услуги** кои се однесуваат на микробиолошките анализи, истите веќе не можат да се фактурираат кон Фондот, односно истите се веќе содржани во другите здравствени услуги и можат да се искажуваат на друг начин:

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел: 02 3289 012
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
е-маил: info@fzo.org.mk

| Шифра | Назив на услугата | Референтна цена |
|---|---|---|
| РС2 | Брис од грло, брис од нос, брис од јазик, брис од усна шуплина со 1ИД и 1 антибиограм | 2.000 |
| РС4 | Култура на бронхиален аспират;култура на спутум со 1ИД и антибиограм | 2.200 |
| ОУ2 | Брис од конуктива; брис од ангулус на усна шуплина; брис од очи со 1ИД и антибиограм | 2.200 |
| ОУ4 | Брис од ангулус на усна шуплина со 1ИД и 1антибиограм | 2.000 |
| ДС2 | Култура на гастричен аспират, копрокултура стандардна, ректарен брис со 1ИД и 1 антибиограм | 2.200 |
| УС4 | Брис од вулва со 1ИД и 1антибиограм | 2.000 |
| УС7 | Брис од вагина, брис од цервикс, уретрален брис, спермокултура – со 1ИД и 1 антибиограм | 2.200 |
| ОА2 | Брис од дојка, брис од кожа со 1ИД и 1антибиограм | 2.000 |
| ОА4 | Култура на ескудат, брис на рана, култура на пунктат, брис од тубус – со 1ИД и 1 антибиограм | 2.200 |
| ОА6 | Брис од тубус со 1ИД | 2.200 |
| ОА12 | Хемокултура аеробна со 1ИД и 1 антибиограм | 2.000 |
| ОА14 | Хемокултура анаеробна со 1ИД и 1 антибиограм | 2.500 |
| ОА16 | Идентификација по микроорганизам | 580 |
| ОА17 | Антибиограм | 550 |
| ОА28 | IMULITE | 2.000 |

Со оваа Одлука, ФЗОМ очекува да се надмине неправилното искажување на здравствените услуги кои се однесуваат на микробиолошката дејност.

Со почит,

Директор на сектор за финансиски прашања,
М-р Татјана Лукановска

Копија до:
-Подрачни служби на ФЗОМ ( со задолжување да ги известат сите ПЗУ во нивна надлежност)

Изготвил: Марија Петреска
Контролирал: Бранислава Катушевска